КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Примено: | 13.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 443 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**AGJENCIA PËR MBROJTJE TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMATA ME KARAKTER PUBLIK**

Бр./Nr. 10-745/1 Скопје, Shkup, 03.09 2021 година/viti

**До: Функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата**

**ПРЕДМЕТ: АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ**

**Почитувани,**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер располага со сознанија, според кои, одделни иматели на информации од јавен карактер извршиле промена на службеното или службените лица или на други податоци кои се однесуваат на институцијата, но за тоа не ја известиле Агенцијата односно јавноста, согласно член 8 ставовите (1) и (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ" бр.101/19).

Со цел ажурирање на податоците и надминување на ваквата состојба, укажуваме на потребата, Вашето/Вашите службени лица во Листата на иматели на информации која ја води и ажурира Агенцијата, а е достапна на **www.aspi.mk** внимателно да ги проверат сите содржани податоци за Вашата институција. Доколку податоците внесени во Листата на иматели се точни, доволно ќе биде тоа само да ни биде потврдено на мејлот **imateli@aspi.mk**, кој го отворивме токму за оваа и ваква намена.

Во случај името на службеното лице во Листата на иматели, (вклучително и на контакт и адресните податоци за Вашата инситутуција) да не кореспондира со фактичката состојба, потребно е да не информирате за сите настанати промени. За таа цел, во функција на доследно спроведување на Законот, во прилог на Известувањето потребно е да ни го доставите Актот односно Решението со кое последен пат сте номинирале службено лице.

Агенцијата наскоро ќе почне серија на обуки за службените лица за користење на новиот портал наменет за имателите, поради што е потребно бараните податоци да ни бидат доставени **заклучно до 14.09.2021 година (вторник) до 15:00 часот исклучиво и само на мејлот imateli@aspi.mk**.

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/ Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561/ Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel.?phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс//faks/fax:3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Во членот 38 од Законот се вели: „Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата доколку не определи службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации и не обезбеди информирање на јавноста за службеното лице согласно со член 8 ставовите (1) и (2) од овој закон".

Со почит,

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

**Подготвил:Жорж Поповски**
**Одобрил: Тања Ковачев**

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk